Ф 5.6/2

**Служба за внатрешна ревизија**

**ГД „ГРАНИТ“ АД СКОПЈЕ**

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
за работење на
СЛУЖБАТА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА
за 2015 година

Јануари, 2016

ГРАНИТ

Ф 5.6/2

**С О Д Р Ж И Н А**


1. Вовед
2. Преглед на извршени редовни и вонредни ревизии
3. Останати активности на Службата за внатрешна ревизија
4. Преглед на финансиски трошоци на Службата за 2015 година
5. Наоди и дадени препораки за надминување на констатираните слабости, статус и степен на имплементација на препораките
6. Оценка на адекватноста на системите на внатрешна контрола
7. Мислење со соодветни заклучоци и препораки за подобрување на состојбите
8. Табеларен приказ на наоди и препораки од ревизорските извештаи и степен на нивната имплементација

## 1. Вовед

Врз основа на член 415-б од Законот за трговски друштва, Правилникот за работа на Службата за внатрешна ревизија на ГД „Гранит" АД Скопје и Планот за работа, Службата за внатрешна ревизија доставува Годишен извештај за нејзиното работење во 2015 година.

Во Извештајот се опфатени основните активности на Службата што се однесуваат на:

- Извршени редовни и вонредни ревизии во Друштвото и неговите организациони единици;
- Останати активности на Службата за внатрешна ревизија, реализација на поставени цели на Службата, наоди и дадени препораки за надминување на констатираните слабости и степен на имплементација на препораките, оценка на адекватноста на системите на внатрешна контрола и мислење со соодветни заклучоци и препораки за подобрување на состојбата;
- Преглед на финансиски трошоци на Службата за 2015 година
- Прилог кон овој Извештај е:Табеларен приказ на наоди и препораки од ревизорските извештаи и степен на нивната имплементација и

## 2. Преглед на извршени редовни и вонредни ревизии

По завршување на првото шестомесечје од 2015 година, изготвен е и доставен полугодишен Извештај за работењето на Службата до Надзорниот одбор на Друштвото.

По извршениот мониторинг на предадените ревизорски извештаи и степенот на имплементација на дадените препораки од страна на Службата за внатрешна ревизија, изготвен и предаден е Годишен извештај за работата на Службата за 2015 година до Надзорниот одбор на Друштвото.

Доставените извештаи се одобрени и прифатени од органите на управување и надзор на Друштвото.

Во текот на 2015 година, поради наложени дополнителни ревизии и зададени задачи од страна на Надзорниот и Управниот одбор, извршена е промена на одобрениот План за работа на Службата за 2015 година.

За сите настанати промени, Надзорниот одбор на Друштвото беше известен со писмо бр. 12-15034 од 04.11.2015 година.

Во 2015 година извршени се 17 ревизии, изготвена е една информација и истите се дадени во табеларен преглед, со јасно искажани наоди, дадени препораки и степен на имплементација во соодветните извештаи за извршените ревизии.

**Прилог 1:** Табеларен преглед на извршени ревизии во текот на 2015 година;

Извештаите за извршените ревизии се доставени до Надзорниот одбор на Друштвото кој по разгледувањето на истите, носеше свои мислења, заклучоци, препораки и одлуки, врз основа на кои Надзорниот одбор ги идентификуваше согледаните слабости во работењето на Друштвото, предлагаше рокови за отстранување на истите и ја лоцираше одговорноста на лицата.

## 3. Останати активности на Службата за внатрешна ревизија

За извршените ревизии во 2015 година, кои беа прифатени и одобрени од Управниот и Надзорниот одбор, а доставени до сите ОЕ и Сектори, Службата изврши мониторинг на степенот на имплементација на дадените препораки, согледување за надминување на констатираните неправилностии имплементација на донесените заклучоци.

Од страна на работниот кадар на Службата вложен е максимален напор за реализација и доследна примена на сите препораки, преку следење на терен, присуство на работни состаноци, давање на стручни мислења и реализација на дадените препораки и заклучоци.

Во текот на 2015година, по однос на одредени стручни прашања, вршени се консултации и давани се мислења, совети и напатствија на вработените и раководните лица во Друштвото.

За поуспешно реализирање на плановите и ревизиите превземени беа дополнителни мерки, кои покрај примена на воспоставените стандарди подразбираат и континуирано професионално усовршување на вработените во Службата. За исполнување на овие цели, Службата за внатрешна ревизија присуствуваше на настани организирани од страна на овластени внатрешни ревизори и овластените установи за вршење на обуки.

Во текот на 2015 година, спроведените ревизии и останатите работни активности се реализирани од страна на:

- Директорот на Службата за внатрешна ревизија;
- Главен ревизор за механизација;
- Извршител за управување со стандарди; и
- 3 извршители (Стручни лица за безбедност и здравје при работа), кои ги покриваат активностите поврзани со безбедност и здравје при работа и заштита на животната средина;

**4. Преглед на финансиски трошоци на Службата за 2015 година**

Врз основа на доставениот План за работа на Службата за внатрешна ревизија за 2015 година, изготвен е и Преглед на финансиски трошоци за 2015 год.

**Прилог 2**: Табеларен приказ на потрошени финансиски средства за 2015 година;.

Потрошените финансиски средства за 2015 година се во доменот на доставениот План за финансиски трошоци за 2015 година.

**5. Наоди и дадени препораки за надминување на констатираните слабости, статус и степен на имплементација на препораките**

Внатрешната ревизија во реализација на Годишниот план за 2015 година беше фокусирана на ефикасно и ефективно реализирање на планираните ревизии **во рамки на расположивото време и овозможените човечки ресурси од страна на Надзорниот и Управниот одбор.**

За таа цел реализирани се 17 поединечни ревизии, изготвена е една информација и издадена е една употребна дозвола за монтажно скеле. Дополнително се вршени контроли кои се поврзани со севкупното работење на Друштвото, со што се покриени планираните сегменти и деловни процеси, оценети од страна на Службата како приоритетни.

Вака воспоставените наоди и процедури допринесуваат за намалување на ризиците во работењето, односно поставуваат стандарди за квалитетно, економично и ефикасно работење на Друштвото.

Сумарен извештај за наодите, препораките и статусот на нивната имплементација е прикажан во преглед во прилог на овој Извештај (**Прилог 3**). Истите се презентирани и доставувани до соодветните раководни структури на Друштвото, за редовно следење на нивното имплементирање.

Службата за внатрешна ревизија, како резултат на следење на реализација на дадените препораки, генерално укажува дека дадените препораки се почитуваат и спроведуваат со одредени исклучоци со тоа што се наложува потребата сите Организациони единици, Сектори и Служби, во наредниот период целосно да ги имплементираат прифатените препораки од страна на органите на Друштвото.

**6. Оценка на адекватноста и ефикасноста на системите на внатрешна контрола и мислење**

За поуспешна работа и остварување на поставените годишни цели на Службата, односно нивно континуиранои целосно извршување, системот на работа и активностите кои ги превзема Службата постојано се менуваат и се прилагодуваат на промените во законската регулатива, потребата од ревизија на одделни процеси на работењето во Друштвото и донесените акти на Друштвото.

ГРАНИТ



Наодите и препораките од извршените контроли и ревизии упатуваат дека постојат одредени слабости во контролираните процеси и укажуваат дека треба да се посвети внимание на нивното решавање, односно укажаните недостатоци и неправилности да бидат благовремено отстранети и да не се повторуваат.

Внатрешната ревизија смета дека најголем дел од контролите кои се неопходни за да ги идентификуваат ризиците во работењето на Друштвото се воспоставени и функционираат, со констатација за потребата од поголема ангажираност и ефикасност во имплементација на дадените препораки од страна на Менаџментот, раководните структури и вработените во Друштвото.

За овозможување на целосно континуирано извршување на контролите кои се потребни за идентификација на клучните ризици се наложува потребата за зголемување на бројот на вработени со стручен кадар во Службата, согласно предвидената систематизација.

**7. Мислење за соодветни заклучоци и препораки за подобрување на состојбите**

Врз основа на извршените ревизии во периодот од 01.01.2015 - 31.12.2015 година во доставените извештаи до Надзорниот одбор на Друштвото, во континуитет се доставувани сите забележани неправилности, давани се препораки со временски периоди за отстранување на неправилностите иносени се заклучоци, кои јасно и недвосмислено се презентирани во дадениот табеларен приказ на наоди и препораки од ревизорските извештаи на Службата.

Вршено е континуирано следење на ревизорските извештаи превземени се мерки и активности за нивна доследна примена во отстранување на одредени недоследности поврзани со градежни и други стандарди од дејноста на работата на Друштвото.

Врз основа на изработениот преглед за наоди, препораки и степен на имплементација на дадените препораки со вкупен број 23, презентирани и предадени до соодветните структури на Друштвото, Службата препорачува имплементирање на сите дадени препораки.

Во делот на Информатичкиот систем на Друштвото не е извршена конкретна ревизија, но контролата на истиот е опфатена во поединечните извршени ревизии на ниво на организациони единици и сектори на Друштвото.

Ревизијата констатира дека иако постои адекватен организиран информатички систем, неговата примена во пракса не дава задоволителни резултати, што се должи на промените во организацијата и систематизацијата на Друштвото, исполнување на обрските кои произлегуваат од новопотпишаните договори, примена на нови технологии и слично. Оттука се наложува потреба од надградување и приспособување на постоечкиот информатички систем на новонастанатите состојби, со дополнителен напор за обезбедување на интернет конекција на сите објекти кои ги изведува Друштвото, со што би се постигнала работа во систем и брз пренос на сите податоци.

Вака воспоставениот информатички систем ќе допринесе за намалување на ризиците во работењето и дополнително ќе воспостави стандарди за квалитетно, економично и ефикасно работење на Друштвото.

Службата за внатрешна ревизија во координација со раководните структури и органите на Друштвото, во идниот период ќе посвети особено внимание на проценката на значајните ризици во работењето на Друштвото, ќе предложи конкретни мерки и активности за навремено отстранување на овие појави на ризици во работењето на сите организациони делови во Друштвото.

Скопје, Јануари 2016 год.

Директор на Служба на внатрешна ревизија
Тодор Шендов, д.г.и.

Градежно друштво ГРАНИТ АД Скопје

# ПРИЛОГ 1

**Вонредни ревизии – контроли**

| | |
|---|---|
| 1. | Извештај за извршена контрола за втора и трета група на службени возила во сопственост на Друштвото |
| 2. | Извештај за искористеноста на монтажните работни платформи тип СВ 240 на објект автопат Свети Николе – Штип |
| 3. | Извештај за работа на Бетонска база Кичево |
| 4. | Издавање на употребна дозвола за монтажно скеле монтирано на објект Македонска филхармонија по однос на употреба од безбедносни причини |
| 5. | Информација за посета на подружницата на ГД Гранит во Република Албанија |
| 6. | Извештај за извршена контрола по пријавено истекување на нафта од цистерна за складирање на нафта во Стопански двор Битола |
| 7. | Извештај за извршена контрола по пријавување на настаната штета при бетонирање на објект „Станбен објект - Авалон „- Скопје |
| 8. | Дополна на извештај за извршена контрола по пријавено истекување на нафта од цистерна за складирање на нафта во Стопански двор Битола |
| 9. | Извештај за лабораториско испитување на квалитет на употребувани и неупотребувани моторни и хидраулични масла користени за основните средства на Друштвото |
| 10. | Извештај за расчистување на Стопански двор Звегорска река - Делчево |
| 11. | Извештај за состојба на деловен објект-планинарска куќа Голак - Делчево |
| 12. | Извештај за извршена контрола за почитување и спроведување на Законот за безбедност и здравје при работа и Правилникот за безбедност и здравје при работа на Друштвото |
| 13. | Извештај за утврдени нерегуларности по основ на доставена информација од Службата за следење на GPS системот |
| 14. | Извештај за извршена контрола на условите и начинот на вршење превоз, достава и транспорт на исхрана за вработените на Автопат Кичево - Охрид |
| 15. | Извештај за утврдени нерегуларности по основ на доставена информација од Службата за следење на GPS системот со направена споредба за месеците јуни и јули |
| 16. | Извештај за извршена ревизија на расходувани основни средства во сопственост на ГД Гранит АД Скопје |
| 17. | Извештај за извршена контрола на набавка на анкер плочи за потребите на објект Автопат Свети Николе - Штип |
| 18. | Извештај за заглавена градежна машина багер O&K M.H на објект Лозово–Сарамзалино-Кадрифаково |
| 19 | Извештај за состојба на планинарска куќа Голак - Делчево |

**ПРИЛОГ 2**

Податоци за остварени трошоци од Службата за внатрешна ревизија за период од 01.01.2015 год. до 31.12.2015 год.

| **Остварени трошоци** | **2015 год** |
|---|---|
| Вкалкулирани плати | 3,570,487.00 |
| Гориво | 120,997.00 |
| Гуми | 65,720.00 |
| Заштитни обувки, облека | 14,680.00 |
| Материјали за чистење | 160.00 |
| Канцелариски материјал | 47,269.00 |
| Автомеханичарски услуги | 40,990.00 |
| Вулканизерски услуги | 1.320,00 |
| Трошоци за печатење – графички | 2,686.00 |
| Вода | 30.00 |
| Регистрација | 5,875.00 |
| Перење возила | 960.00 |
| Патарина | 8,230.00 |
| Стручно образование | 133,750.00 |
| Здравствени прегледи | 1,600.00 |
| Службени патувања | 4,226.00 |
| Превоз при службени патувања | 480.00 |
| Репрезентација | 5,407.00 |
| Премии за осигурување на материјали | 20,321.00 |
| Членарина | 5,000.00 |
| Административни и судски такси | 466.00 |
| Услуги за преписи и преводи | 4,333.00 |
| Останати трошоци на работењето | 8,065.00 |
| **Вкупно** | 4,063,052.00 |

**Прилог 3**

ПРЕГЛЕД НА НАОДИ И ПРЕПОРАКИ ОД РЕВИЗОРСКИТЕ ИЗВЕШТАИ ЗА ПЕРИОД ОД 01.01 - 31.12.2015 ГОД.

| Р.бр. | Назив на извештајот | Дата на извештајот | Наод - краток опис | Препорака - краток опис | имплемен | Статус на имплементација | % на реал. препораки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Извештај за извршена контрола за втора и трета група на службени возила во сопственост на Друштвото | 17.02.2015 | Делумно непочитување на правилник за користење на службени возила | Целосно почитување на правилник за користење на службени возила и вградување на GPS системи на | Веднаш | Целосно реализирана | 100% |
| 2. | Извештај за искористеноста на монтажните работни платформи тип СВ 240 на објект автопат Свети Николе | 09.04.2015 | Дел од работните платформи не наоѓаа практична примена во работата на објектот | Работните платформи да се префрлат во РЕ Кичево - Охрид | Веднаш | Целосно реализирана | 100% |
| 3. | Извештај за работа на Бетонска база Кичево | 24.04.2015 | Не изготвување на фактури за издаден бетон за потребите на | Отстранување на констатираните недоследности | Веднаш | Целосно реализирано | 100% |
| 4. | Издавање на употребна дозвола за монтажно скеле монтирано на објект Македонска филхармонија по однос на употреба од безбедносни причини | 29.04.2015 | Согласно барање на инспекторатот издаден е документ за употребна дозвола | За сите типови скелиња и работни платформи, во континуитет да се изготвуваат употребни дозволи и да се поседува соодветна документација . | | | |
| 5. | Информација за посета на подружницата на ГД Гранит во | 22.05.2015 | Согледување на состојбата на проектната документација во Р. | Неопходната проектна документација е донесена во Р.Македонија | | | |
| 6. | Извештај за извршена контрола по пријавено истекување на нафта од цистерна за складирање на нафта во Стопански двор Битола | 06.05.2015 | Недостаток на поголема количина екстра лесно гориво во цистерната | 1. Континуирано контрола на количината на горивото.<br>2.Поставување на мерни инструменти (протокометри).<br>3.Одговорност на задолжените лица | Во тек | Делумно | 20% |
| 7. | Извештај за извршена контрола по пријавување на настаната штета при бетонирање на објект „Станбен објект - Авалон ,,- Скопје | 07.05.2015 | Оштетени возила, при пукање на цевка од бетонска пумпа | Да се применуваат воспоставените технички стандарди при бетонирање со пумпа | Веднаш | Целосно реализирано | 100% |
| 8. | Дополна на извештај за извршена контрола по пријавено истекување на нафта од цистерна за складирање на нафта во Стопански двор Битола | 01.06.2015 | Дополнителна проверка на исправноста на цистерната | | | | |
| 9. | Извештај за лабораториско испитување на квалитет на употребувани и неупотребувани моторни и хидраулични масла користени за основните средства на Друштвото | 15.06.2015 | Губење на одредено количество на моторно масло при работа на градежна и транспортна механизација | Во понатамошната експлоатација на механизацијата да се користат масла препорачани од производителот на механизацијата | Во континуитет | Целосно реализирано | 100% |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 10. | Извештај за расчистување на Стопански двор Звегорска река - Делчево | 17.06.2015 | Зададена задача од У.О на ГД Гранит | | | Целосно реализирано | **100%** |
| 11. | Извештај за состојба на деловен објект-планинарска куќа Голак - Делчево | 07.07.2015 | Зададена задача од У.О на ГД Гранит | 1.Целосно почитување на потпишаните договори.<br>2.Вршење на времени контроли за увид на состојбата на објектот | Веднаш | Целосно реализирано | **100%** |
| 12. | Извештај за извршена контрола за почитување и спроведување на Законот за безбедност и здравје при работа и Правилникот за безбедност и здравје при работа на Друштвото | 27.07.2015 | Некористење на задолжена ЛЗО | Континуирано користење на ЛЗО | Веднаш | Имплементацијата е во тек | **80%** |
| 13. | Извештај за утврдени нерегуларности по основ на доставена информација од Службата за следење на GPS системот | 24.08.2015 | Недостаток на гориво во транспортни средства и несоодветно пополнување на товарните листови | 1.Изготвување на правилник за пополнување на товарни листови.<br>2.Континуирано следење и контрола со помош на GPS системите.<br>3.Надокнада на направена штета | Веднаш | Целосно реализирано | **100%** |
| 14. | Извештај за извршена контрола на условите и начинот на вршење превоз, достава и транспорт на исхрана за вработените на Автопат Кичево - Охрид | 02.09.2015 | Вршење на превоз во несоодветни услови | Да се исполнат условите за транспорт согласно потпишаните договори | Веднаш | Делумно | **50%** |
| 15. | Извештај за утврдени нерегуларности по основ на доставена информација од Службата за следење на GPS системот со направена споредба за месеците јуни и јули | 11.09.2015 | Недостаток на гориво во транспортни средства и несоодветно пополнување на товарните листови | 1.Изготвување на правилник за пополнување на товарни листови.<br>2.Континуирано следење и контрола со помош на GPS системите.<br>3.Надокнада на направена штета | Веднаш | Целосно реализирано | **100%** |
| 16. | Извештај за извршена ревизија на расходувани основни средства во сопственост на ГД Гранит АД Скопје | 19.09.2015 | Зададена задача од У.О на ГД Гранит | Целосно спроведување на одлуките на У.О | Веднаш | Имплементацијата е во тек | **70%** |
| 17. | Извештај за извршена контрола на набавка на анкер плочи за потребите на објект Автопат Свети Николе - Штип | 21.10.2015 | Набавка на анкер плочи без потпишан договор | Побарана одговорност од раководителот на мостови на РЕ Свети Николе - Штип | Веднаш | Имплементацијата е во тек | |
| 18. | Извештај за заглавена градежна машина багер О&К М.Н на објект Лозово–Сарамзалино-Кадрифаково | 22.10.2015 | Злоупотреба на службена должност | Раскинување на работниот договор со задолжениот машинист | Веднаш | Целосно реализирано | **100%** |
| 19. | Извештај за состојба на планинарска куќа Голак - Делчево | 28.10.2015 | Средување на објектот и потпишување на нов договор | | Веднаш | Реализирано (по извршена контро | **100%** |